CIVIL

Botschaft
der Bundesrepublik Deutschland
Skopje



# ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

## [СЛЕДНО НИВО]

проект за промоција на европските вредности и борба против хибридните закани



Photo by Christian Lue on Unsplash

*Во оваа брошура прочитајте ги одговорите на прашањата:*

**Кои се целите на проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво]?**

**Теми и области опфатени со проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво]**

**Активности во проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво]**

**Како може да се вклучат експертите, граѓанските организации и граѓанките и граѓаните во проектот?**

**Кои се каналите за комуникација и соработка?**

cover photo by Markus Spiske on Unsplash

# Цели и задачи на проектот

ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво] е проект за промовирање на европските вредности и борба против информацискиот неред, преку мониторинг, медиумска продукција и застапување.

Една од главните цели на проектот е ефективно да се придонесе кон борбата против информацискиот неред и хибридните закани, преку мониторинг и анализа на критичните процеси, како и со промовирањето на европските вредности во Република Северна Македонија.

Со овој проект, ЦИВИЛ продолжува да го дава својот придонес кон обезбедување на транспарентност, демократија и легитимност во критичните социополитички процеси во земјата.

Овој динамичен и повеќеслоен проект вклучува сеопфатен мониторинг критични процеси во земјата. Воедно, проектот вклучува и компоненти за застапување и јакнење на јавната свест.

Благодарение на проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво], ЦИВИЛ е во можност да обезбеди опиплива и ефективна поддршка во креирањето политики за одржливи

демократски и институционални реформи, општествена трансформација и градење отпорност против хибридните напади врз демократијата во рамките на процесите за интеграција на Република Северна Македонија во Европска Унија.

Важна стратешка заложба на ЦИВИЛ е да гради и развива платформи каде што релевантните засегнати страни и носителите на одлуки учествуваат во развојот на политичката култура и дијалог за клучни прашања поврзани со европските вредности, владеењето на правото и почитувањето на човековите права наспроти антизападната пропаганда и антидемократските тенденции.

ЦИВИЛ, како организација за човекови права и слободи, преку проекти поддржани од МНР на Сојузна Република Германија, се профилираше во една од највидливите и највлијателните организации во земјата. Воедно, ЦИВИЛ разви и медиумска платформа што прерасна во еден од ретко успешните јавни ресурси што се спротивставува на лажните вести, дезинформациите, говорот на омразата и на хибридните закани против демократијата.

Со овој проект, акцијата против информацискиот неред и хибридните закани продолжува на ново ниво, посеопфатно и систематско.

Проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво] вклучува низа меѓусебно поврзани линии на активности кои вклучуваат мониторинг, анализи и креирање документи за политики и препораки посветени на критичните социополитички процеси и настани во земјата, како и јакнење на јавната свест за неопходноста од учество на граѓанките и граѓаните во процесите на донесување одлуки на национално и локално ниво.

Во проектот се преземаат континуирани активности и во областа на мониторингот на политичките процеси значи и долгорочно набљудување на настаните, политиките и практиките поврзани со изборите, особено во областите на политичката корупција и политичкото финансирање.

Понатаму, ЦИВИЛ има висок капацитет и обемно искуство со што придонесува кон успешни изборни реформи (изборен систем, администрација, модел, законодавство, итн.). Воедно, организацијата спроведува и едукација на гласачите, а во граѓанската едукација спаѓаат и креирање информативни и едукативни содржини за клучните политички процеси во земјата, како и за начините на кои можат да се спротивставаат на дејствувањето на центрите на моќта кои внесуваат поделби, страв, несигурност, политички и етнички тензии и недоверба во институциите.

Проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво] во целост ги отсликува стратешките определби на ЦИВИЛ. Иако се работи за нов проект кој вклучува низа нови активности и методолошки пристапи, проектот претставува и своевидно надградување на низа претходни проекти и воспоставува основи за дејствување во иднина. Финансиската поддршка е овозможена од МНР на Сојузна Република Германија, а трае до крајот на 2021 година, со можност да биде продолжен со нови елементи, соодветни на развојот на настаните и процесите во Република Северна Македонија.



# Теми и области опфатени со проектот

- Европски вредности
- Мултикултурализам, еднаквост и недискриминација
- Дезинформации, говор на омразата и хибридни закани
- Процес на интеграција во ЕУ
- Стратегија „Едно општество за сите“
- Образовните реформи во доменот на мултикултурализмот, еднаквоста и недискриминацијата во основното образование
- Мониторинг на пописот
- Мониторинг на изборниот процес
- Учество во реформите на изборниот систем

Photo by Ryan Kwok on Unsplash

# Активности во проектот

Проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво] опфаќа седум компоненти кои обединуваат 36 меѓусебно поврзани сетови на активности.

Предвидени резултати: 19 јавни настани, 13 брифинзи, четиридневна конференција, повеќе од 10 онлајн работилници, шест семинари за 150 набљудувачи, 10-12 прес конференции во текот на деновите на гласањето на изборите, 35 инфо-штандови на отворено во повеќе од 20 населени места низ целата земја, повеќе од 20.000 содржини објавени на медиумската платформа на македонски, албански и англиски јазик, повеќе од десет работни средби со носители на одлуки на национално и локално ниво, 40 теренски посети, учество на повеќе од 100 авторки и автори, мониторинг на повеќе од 1.500 избирачки места на изборите, итн.

Времетраење на проектот е 275 денови (од 1 април до 31 декември, 2021 година).




# Кој и како може да се вклучи во проектот?

Со проектот ЕВРОПСКИ ПЕРСПЕКТИВИ [следно ниво] се создава простор за учество на експертската јавност и граѓанските организации во различни формати, преку јавните настани, со авторски придонес на медиумската платформа и стручна соработка на специфични теми и области предвидени со планот за имплементација на проектот.

**Пишувајте и испраќајте идеи и содржини.**

Сите заинтересирани граѓанки и граѓани имаат можност да понудат идеи и содржини за успешно спроведување на целите на проектот и директно да се вклучат во активностите, особено во областа на мониторингот.

**Учествувајте во нашиот мониторинг.**

Мониторингот подразбира следење и известување за настаните и состојбите поврзани со изборниот процес, пописот и кампањите со дезинформации и говор на омразата.

Тоа може да се направи преку интерактивните онлајн алатки (формулари за пријава) или едноставно со обраќања преку пораки и писма на социјалните мрежи и електронската пошта, а секако и со лично присуство и учество во активностите и јавните настани на организацијата (дебати, панел дискусии, семинари, работилници, конференции, инфо-штандови).

**Контактирајте!**

Ако го читате ова, тогаш можете веднаш да контактирате со нашата организација и да поставите прашања или да понудите идеи за активности и ваше активно вклучување во нив. Бидејќи ЦИВИЛ е и ваша организација!

**Имате ли иницијативи? Имате ли простор за јавна презентација на вашите идеи?**

Ако имате иницијативи на локално ниво кои се соодветни на темите и областите опфатени со овој проект, слободно искористете ја можноста да ги претставите вашите очекувања и барања од институциите, граѓанските организации, политичките партии и медиумите на национално или локално ниво. Заедно со ЦИВИЛ, вашите иницијативи може да станат видливи и да предизвикаат позитивни промени во општеството и да влијаат на политиките и практиките на национално и локално ниво. ж

**Што друго можете да направите заедно со тимовите на ЦИВИЛ?**

Најмалку што можете да направите е да помогнете во дистрибуцијата на електронските и печатените материјали. Споделете ги содржините кои произлегуваат од овој проект со вашите пријатели и познаници.

Читајте, коментирајте, започнете дискусија и испратете ги заклучоците од комуникацијата во вашето опкружување.

Имате што и со што, имате со кого. Потребно е само да се активирате. Европеизацијата зависи од секој од нас поединечно и од сите заедно!

# Комуникација и соработка

Организацијата секојдневно ги најавува своите активности на медиумската платформа и на профилите на социјалните мрежи.

Главно, информациите за активностите во рамките на проектот се застапени на интернет порталите:

**www.civilmedia.mk** (македонски)

**www.drejt.mk** (албански)

**www.civil.org.mk** (македонски, албански, англиски)

**www.civil.today** (англиски)

Содржините најчесто се споделени на Фејсбук страницата www.facebook.com/**civil.mk** и на Твитер профилот на ЦИВИЛ, www.twitter.com/**CivilMacedonia**.

Доколку сакате да објавите информација за некој настан, ваше мислење или анализа, фотографија или видео прилог за одредена тема или област поврзана со овој проект, тоа можете да го направите со испраќање по електронска пошта (**civil@civil.org.mk**) или со порака на Фејсбук.

Можете да се јавите и по телефон во работно време (9-17 ч.), секој работен ден: **02 / 520 91 76**.

Следете ги најавите за настаните на ЦИВИЛ низ целата земја и присуствувајте онлајн или физички, секаде каде што тоа е овозможено, соодветно на просторот и здравствените протоколи.

**ЦИВИЛ – Центар за слобода** е организација за човекови права и слободи, основано на 25 ноември 1999 год. Неформално, организацијата е активна од 1996 год.

Визијата на ЦИВИЛ е за свет во кој сите луѓе живеат во мирно и демократско општество, во кое: човековите права и слободи се почитуваат во потполност; нема насилството и култот кон оружјето е надминат; нема дискриминацијата и шовинизам во било кој облик; владее потполна слобода на изразување и медиумите се слободни и независни од влијанието на центрите на моќта; институциите се независни и целосно посветени на интересите на граѓанките и граѓаните; изборите се фер и демократски, а граѓанките и граѓаните непречено организираат и учествуваат во процесите на донесување на одлуките; културата и уметноста се составен дел од секојдневието на општеството; екологијата и заштитата на животната средина се основни критериуми за развојот.

Наведените определби се практикуваат во неделива форма.

Организацијата ужива голема видливост и доверба од сите заедници во земјата. Позната е по своите уникатни и сеопфатни методи.

ЦИВИЛ дејствува на национално ниво, но спроведува низа активности и на регионално и меѓународно ниво. Во организациското портфолио спаѓаат повеќе од 100 проекти, вклучувајќи и бројни кампањи за јакнење на јавната свест на национално ниво со масовни јавни настани, мониторинг на изборните процеси, како и на сите клучни процеси и настани поврзани со демократскиот развој на Република Северна Македонија.

Во состав на организацијата активни се и организациските единици **ЦИВИЛ МЕДИА**, ЦИВИЛ АРТ и ЗЕЛЕН ЦИВИЛ, како и повеќе иницијативи и тематски работни групи.

CIVIL MEDIA

СЛОБОДНО.НЕЗАВИСНО.ОТВОРЕНО.

**WWW.CIVILMEDIA.MK | WWW.DREJT.MK | WWW.CIVIL.TODAY | WWW.CIVIL.ORG.MK**

**FACEBOOK/CIVIL.MK | TWITTER/CIVILMACEDONIA**